Бр./Nr 12-1635/6

06 08-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот заведена под број 12-1635/1 од 21.05.2024 година, оформен по пријава со наводи за непочитување на законската и подзаконската регулатива за спроведување на изборните процеси, односно наводи против Претседателот на Општинската изборна комисија, -------------- , за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Претседателски и Парламентарни избори, 2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а и член 8-б од Изборниот законик.

Предметот со број 12-1635/1 од 21.05.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 21.05.2024 година, поднесена е пријава за сомневање за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Претседателски и Парламентарни избори, 2024 година.

Предметните наводи се однесуваат на сомневање за непочитување на законската и подзаконската регулатива за спроведување на изборните поцеси, односно наводи против Претседателот на Општинската изборна комисија, -------------- заради извршен избор на Заменик-претседатели на избирачки одбори на избирачките места со бој ----------, -------- и --------, спротивно на утвдената соодветна и правична застапеност на заедниците. Имено, со извршено влијание на Претседателот на Општинската изборна комисија, на позицијата Заменик-претседател на посочениот избирачки одбор на избирачко место со број ------- и избирачко место ---------- бил извршен избор на лица со националност Турчин наместо Македонец како и дека на избирачкото место -------- било избрано лице со националност Албанец наместо Македонец.
Исто така е наведено дека за горенаведените прекршувања подносителот веќе ја информирал Државната изборна комисија на Република Севена Македонија.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, од Државната изборна комисија беше побарано да се достави информација со прилог документација по однос на пријавените наводи.
Државната изборна комисија извести дека лицата наведени во пријавата -----------, ----------- и ------------ не биле избрани во избирачките одбори кои се во надлежност на Општинската изборна комисија ------------.

Врз основа на сето погоре наведено, а имајќи предвид дека во предметниот случај наведените лица не биле избрани во избирачките одбори кои се во надлежност на Општинската изборна комисија -----------, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик, односно дека во дејствијата преземени од страна на Претседателот на Општинската изборна комисија не е констатирано прекршување на законските одредби кои го регулираат спроведувањето на изборните поцеси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК